

РОБЕРТ ДАНДАРОВ

# ROBERT DANDAROV



# РОБЕРТ ДАНДАРОВ

# ROBERT DANDAROV

*A work of art should exalt only those truths which are not demonstrable, and which are even "false", those which we cannot carry to their ultimate conclusions without absurdity, without negating both them and ourselves.*
*They will never have the good or bad fortune to be applied. Let them live by virtue of the song that they have become and that they inspire.*
*Jean Genet*

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ, СКОПЈЕ
THE MUSEUM OF CONTEMPORARY ART, SKOPJE

# ДУХОВЕН ЛОВ

Емил Алексиев

Сликарството е создадено од обичајот човековата сенка да се заокружи со линија, вели Плиние (Плиние Постариот, *Историја на природата*, кн. XXXV). Првите слики се слики на човековата присутност: отисок од дланката, трага која ја оставаат прстите кои исцртуваат сплетени меандри, трага од камената острица која ја следи линијата на телото на некое животно. Некогаш, способноста за создавање слики била одредена со ритуалот: чин на создавање кој овозможува трајна или минлива *присутност на она што не е присутно.* Овој ритуал се одвива секогаш надвор од рамките на секојдневното, на најдалечната граница на светот кој бил познат - во пустината и во скриените пештери во длабочината на земјата. Првите слики се појавуваат на границата меѓу познатото и непознатото, меѓу видливото и невидливото, меѓу земјата и небото.

Сликите можат да ја заробат душата на она што е насликано. Ако насликате моќно животно, можеби ќе се здобиете со неговата сила. Ако е тоа убава жена, како во приказните, таа можеби ќе излезе од сликата кога никој не ја гледа. Ако насликате пејзаж на некоја далечна земја, можеби можете да влезете во него и да заскитате по непознатите предели како во сон.

Уметникот е ловец кој лови во просторите на непознатото. Тој скита низ таинствени и мрачни предели, ги опкружува сенките со линија, ја фрла врз привидениjата својата мрежа од линии, ги фаќа призраците во однапред поставената стапица. Понекогаш, како во митот за Актеон, ловецот станува жртва на сопствената ловечка вештина. Актеон го раскинуваат поради љубопитноста неговите сопствени пци. Кентаурот Хирон ги смирува пците поставувајќи ја пред нив актеоновата слика околу која тие помирливо се собираат.

Евклид, кој прераскажал една приказна на Плиние, нé известува за начинот на кој се ловат тигри. Ловецот фрла пред тигарот стаклена топка во која се одразува неговиот лик. Во средновековните бестиариуми оваа стаклена топка е всушност огледало кое во минијатурите од ова време е претставено како кружно. Тигарот е магепсан од сопствениот лик кој му го враќа рефлектирачкото тело. Така тигарот кој има статус на ловец, со помошта на огледалото се лови самиот себеси, станува жртва на сопствената ловечка моќ.

Денес, никој веќе не им верува на приказните, легендите и митовите. Спекуларната слика веќе не го одразува невидливото, нема тајни кои треба да се откријат, нема интелигибилни сфери до кои вашиот дух треба да се искачи, го нема небесниот theatrum polydicticum каде се обединети духот и визијата (орфичките мистерии и учењето на неоплатонизмот сведочат за *интелектите* кои скитаат по небото проектирајќи ги своите души на земјата каде што се рефлектираат и се оформуваат како тела). Никој веќе не лови тигри со стаклени топки, ниту еднорози со огледала. Уметничката проекција веќе не отвора пат кон непознатото, кон фантастичното, таа не нé води во лавиринтите и сонииштата.

Сликата денес е убиец на стварното, убиец на сопствениот модел. Хиперреалистите ја фиксираат со халуцинантна сличност сликата на стварноста која ја изгубила сета смисла, од која исчезнала сета магија.

Роберт Дандаров го користи своето знаење за да ја обнови одново древната вештина на сликањето. Сликањето за него е чин на создавање кој овозможува *присутност на она што не е присутно.* Неговите слики ја зачувале магијата на огледалата. Меѓутоа, денес ништо веќе не се одразува вистински во огледалото, кое не е ништо друго туку бесконечно удвојување на видливото и познатото. Оттаму, во неговите слики постои секогаш вградена грешка, изместување, замена на ознаките и означеното, една пукнатина која отрива непрегледни бездни во сликата. Фасадите на стварноста се урваат и најмалата пукнатина повлекува во верижна реакција мрежа од пукнатини. Пукнатината (Riss кај Heideger) не се отвора само над бездната, туку таа ги држи обединети спротивните страни. Се останува врамено: фрагментите, цитатите, делчињата од стварноста кои градат неочекувани односи во еден повратен процес на обединување - како кога некој би ги собрал и сложил одново парчињата од скршеното огледало. Ова тектонско поместување на плановите на сликата овозможува да се видат таинствени предели во сликата. Сега може одново да започне духовниот лов во просторите на непознатото!

# Emil Aleksiev

Painting was created from the custom of enclosing the human shadow with a line, says Pliny (Pliny the Elder, *Historia Naturalis*, bk. 35). The first paintings were pictures of human presence: a print of the hand, a trace left behind the fingers that draw sinuous meanders, a traces of the stone blade that follows the body line of an animal. In the past, the ability for creating pictures was determined by the ritual: an act of creation that provides permanent or transient *presence of the thing that is not present*. This ritual always takes place outside the frames of the everyday, at the furthest frontier of the known world - in the dessert and in the hidden caves deep under ground. The first paintings occurred at the edge between the known and the unknown, between the visible and the invisible, between the earth and the sky.

Paintings can capture the soul of the things that are painted. If you paint a mighty animal, you might acquire its strength. If it is a beautiful woman, like in the tales, she might get out of the picture when no one looks. If you paint a landscape of a distant land, you might be able to enter it and roam the unknown regions like in a dream.

The artist is a hunter who hunts in the domains of the unknown. He wanders through mysterious and dark regions, he encloses the shadows with line, he casts upon the specters his net of lines, he catches the apparitions in his already set trap. Sometimes, like in the myth of Actaeon, the hunter becomes the victim of his own hunting skill. Actaeon was torn apart because of his curiosity by his own dogs. The centaur Chiron calmed the dogs by showing them the picture of Actaeon, and they gathered around it peacefully.

Euclid, who retold one of Pliny's tales, tells about tiger hunting. The hunter throws before the tiger a glass ball which reflects its picture. In the Medieval bestiaries this glass ball is, actually, a mirror, represented in the miniatures of that age as circular. The tiger is charmed by its own picture shown in the reflecting body. So, the tiger, who has the status of a hunter, hunts his own self and becomes the victim of his own hunting power.

Today, no one believes the tales, the legends and the myths any more. The spectacular painting does not reflect the invisible, there are no secrets to be revealed, no intelligible spheres your spirit has to reach to, the heavenly *theatrum polydiciticum* where the spirit and the vision unite (the Orphic mysteries and the postulates of Neoplatonism speak of the *intellects* that wander the sky projecting their souls upon the earth where they reflect in the shape of bodies) is also gone. No one hunts tigers with glass balls any more, nor unicorns with mirrors. The artistic projection does not open the way towards the unknown, the fantastic, it does not lead to labyrinths and dreams.

Today the painting is the killer of the real, a killer of its own model. With hallucinative similarity the hyperrealists fix the picture of the reality that has lost all its meaning, deprived of all its magic.

Robert Dandarov uses his knowledge to renew the ancient skill of painting. For him the process of painting is an act of creation that provides the *presence of the thing that is not present*. His paintings have preserved the magic of the mirrors. Yet, there is nothing left today that really reflects in the mirror, which is but an endless doubling of the visible and the known. Therefore, his paintings always include an inherent error, a deviation, a swap of the marks with the marked, a fissure that reveals immense abysses in the painting. The facades of reality fall down and the smallest fissure initiates a chain reaction, a net of fissures. The fissure (*Riss* with Heidegger) is not opening only upon the abyss, it also holds together the opposite sides. Everything remains framed; the fragments, the quotations, the particles of reality that build unexpected relations within a reversible process of uniting - like when someone gathers and recomposes the fragments of the broken mirror. This tectonic shift of the ranges in the painting provides the visibility of the mysterious landscapes in the painting. Now, the spiritual hunt can start again into the regions of the unknown.

## Actaeon

*Масло на платно, 112 х 112 см.*
*Oil on canvas, 44 x 44 inches*
*2002*



## Landscape

*Масло на платно, 112 x 112 см.*
*Oil on canvas, 44 x 44 inches*
*2000*



## Winter

*Масло на платно, 112 x 112 см.*
*Oil on canvas, 44 x 44 inches*
*2000*



# ROBERT DANDAROV

*One person exhibitions:*

2002 Museum of Contemporary Art, Skopje, Macedonia
2001 Casa de Escritor, Santo Domingo, D.R.
1999 Gallery Nouveau, Santo Domingo, D.R.
1998 Leonora Vega Gallery, NYC, NY
1997 Leonora Vega Gallery, NYC, NY
1996 Leonora Vega Gallery, NYC, NY
1994 Galerie Laegveld, Hasselt, Belgium
1993 Hugieia Art Gallery, Tongeren, Belgium
1992 Olaf Clasen Gallery, Koln, Germany
1992 Peter Baumler Gallery, Regensburg, Germany
1991 Hugieia ArtGallery, Brugge, Belgium
1990 Hugieia Art Gallery, Tongeren, Belgium
1989 Yava Gallery, NYC, NY
1983 Yava Gallery, NYC, NY

*Selected group exhibitions:*

1999 The Gallery of Altos de Chavon Foundation, La Romana, D.R.
1997 Leonora Vega Gallery, NYC, NY
1996 Palmer Museum, Springfield, New Jersey
1996 Hugieia Art Gallery, Tongeren, Belgium
1995 Leonora Vega Gallery, NYC, NY
1994 Sharadin Art Gallery, Kutztown University, Pennsylvania
1993 Gallery Bolhagen, Worpswede, Germany
1993 First International Print Biennial, Maastricht, Holland
1992 Butler Institute of Art, Yongstown, Ohio
1992 Olaf Clasen Gallery, NYC, NY
1992 Galerie Goetz, Stuttgart, Germany
1992 Galerie Ruf, Munich, Germany
1992 Galerie Kunst&Kabinet, Koln, Germany
1991 Galerie Baumler, Regensburg, Germany
1990 Drawing Center, Selection 49, NYC, NY
1989 Alternative Museum, NYC, NY
1987 Alternative Museum, NYC, NY
1985 Alternative Museum, NYC, NY
1985 Graphics Collective, Belgrade, Yugoslavia
1984 Equitable Gallery, NYC, NY
1982 Yava Gallery, NYC, NY

*Biography:*

Born: Strumica, Macedonia. Lives and works in New York and Europe

e-mail: robert dandarov@hotmail.com

*Education:*

1981-83 National Academy of Design, NYC, NY
1976-78 American Academy of Art, Chicago, Illinois
1974-76 School of Applied Arts, Skopje, Macedonia

музеј на современата уметност, скопје
роберт дандаров, слики
одговорен уредник: емил алексиев
ликовно обликување: илиана емилиа
печат: скенпоинт, скопје

museum of contemporary art, skopje
robert dandarov, paintings
editor in chief: emil aleksiev
lay-out: iliana emilia
prited by: skenpoint, skopje

*Cover: THANATOS, Масло на платно, 112 x 112 см., Oil on canvas, 44 x 44 inches, 2000*